**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

01.10.00.УП.001.06-ОБ.05.06

Врз основа на член 169 став 3 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ" број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18), член 49 став 2 и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ", број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), директорот на Царинска управа на Република Северна Македонија донесе :

# ОДЛУКА

## за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

Постапката за јавна набавка „ **Набавка на канцелариски мебел**" ( работни столици и фотељи ) спроведена со отворена постапка со објавување на оглас број 12/2019, се ПОНИШТУВА, согласно член 169 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки, бидејќи не е поднесена ниту една прифатлива понуда.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 28 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ" број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16, 165/17 и 83/18), директорот на Царинската управа донесе Одлука за јавна набавка број 05 -011814/19-0003 од 28.03.2019 година, за јавна набавка „ **Набавка на канцелариски мебел** " ( работни столици и фотељи ).

Потребните средства за оваа намена во вкупен износ од 2.000.000,00 денари вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2019 година, на раздел 09003, сметка 631, програма 20, ставка 483.

Набавката се спроведе со отворена постапка, со користење на електронски средства преку ЕСЈН, согласно член 22, член 64 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Директорот достави Извештај од спроведена постапка број 05 – 011814/19-0012 од 13.05.2019 година со кој предлага поништување на предметната јавна набавка, согласно член 169 став 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки, бидејќи не е поднесена ниту една прифатлива понуда.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:

Согласно член 207, член 214 и член 216 став 2 од Законот за јавни набавки, економскиот оператор има право да поднесе Жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Директор
м-р Ѓоко Танасоски

Бр. 05 – 011814/19-0013
Скопје,15.05.2019 г.

2 . -05- 2019

Доставено во оригинал до:
- Претседател на комисија за јавни набавки
- Архива
- предмет

Доставено преку ЕДМС до:
- Одделение за јавни набавки,
- Комисија за јавни набавки

Изработил: Наташа Стефановска
Одобрил: Мирјана Станоева
Согласен: Зоран Петковски